ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
КАВАДАРЦИ
Примено: 09 - 11 - 2023
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 09 | 6763/1 | | |
10 11 2023

До Советот на општина Кавадарци
и Службите на Локалната Самоуправа и Мој Општинар

МОЛБА ( БАРАЊЕ ) :

По повод неодамнешната средба и јавна расправа на 31.10.2023 година со жителите на Месната Заедница на с. Бегниште и с.Кошани, а со цел да се согледаат и решат секојдневните проблеми на живеење и заеднички да ги креираат идните активности за 2024 година, Го замолуваме горенаведениот наслов, Претседателот на Советот на општина Кавадарци и Службите на Мој Општинар да го разгледаат и усвојат нашето барање од страна на село Кошани да се изгради асфалтира и оспособи патот од 2км на релација од с.Бегниште до с.Кошани за заедничко непречено функционирање на луѓе, возила и индустриски возила на кои им е од приоритетно и животно значење за нормално да функционираат за потребите на обработка на нивните земјишта лозја и ниви и секако за секојдневните работни и основни обврски за граѓаните од двете села.

Досегашната позитивна соработка со службите на Мој Општинар на општина Кавадарци и со градоначалникот г-дин Митко Јанчев, ни влева надеж дека ќе се изгради и реализира овој пат во најскоро време, а во заеднички интерес на жителите на с.Бегниште кои релацираат секојдневно по овој моментално рурален и проблематичен пат кон обработка на своите имоти и секако во интерес на селаните, викендашите и лугјето кои одамна пројавија интерес за живеење во с.Кошани. Се надеваме дека со изградбата на овој пат од с.Бегниште до с.Кошани, селата ке добијат своја целина и ке прераснат во една урбана средина со повеке жители.

Се надеваме дека со помош и големата подршка на службите и Градоначалникот на општина Кавадарци ке се исполнат сите ветени проекти и изградбата на овој пат ке биде усвоена и ќе влезе во финансиска програма на буџетот на општината за 2024 година.

Изразуваме Голема Благодарност до советот на општина Кавадарци и службите на Локалнта Самоуправа, до

службата на Мој Општинар и секако г-диот Градоначалник Митко Јанчев, со надеж дека ке наидеме на Ваш позитивем прием.

Со Почит;

с.Кошани, Кавадарци

Ноември, 2023година

07

https://cdn.fbsbx.com/v/t59.2708-21/400924361_13051510534...45VjDUMbmcB0PrSQMswdDm9MX49XfQ&oe=654D9089&dl=1 08.11.23, 18:46